20262524588

АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

Врз основа на член 16, став 1, алинеја 6 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/24, 37/25, 86/25, 101/25, 135/25, 132/26 и 212/26) и во согласност со член 15 став 1 алинеја 6 од Статутот на Агенцијата за управување со одземен имот бр.02-4368/2 од 2.12.2024 година, Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот на 13-та по ред седница за 2026 година одржана на ден 22.10.2026 година, го донесе следниот

ПРАВИЛНИК ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕНИ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ — МОТОРНИ ВОЗИЛА СО КОИ УПРАВУВА АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредува отстапувањето на привремено одземен(и) предмет(и)-моторно/и возило/а и/или конечно одземен(и) предмет(и) - моторно/и возило/а[1] со кои управува Агенцијата за управување со одземен имот (во понатамошниот текст: Агенцијата), на државните органи, фондовите, агенциите, дирекциите, јавните установи и јавни претпријатија, независните регулаторни тела основани од државата, трговските друштва во целосна државна сопственост и други институции основани од државата, единиците на локалната самоуправа како и на здруженијата и фондациите, по претходна согласност од Владата на Република Северна Македонија.

2. КЛАСИФИКАЦИЈА И КАРАКТЕРИСТИКИ

Член 2

Одделни изрази кои се употребени во овој правилник ја имаат следната класификација и карактеристики:

А) ПАТНИЧКО МОТОРНО ВОЗИЛО: е секое возило на моторен погон, кое вообичаено се користи за превоз на лица и стока на патишта или за влечење на возила на патиштата, кое има најмалку четири тркала и максимална проектирана брзина над 25 km/h и покрај седиштето на возачот има најмногу осум седишта.

1. Ниска класа на возило: ги опфаќа патничките моторни возила (малите градски автомобили и мини комбиња), со мала зафатнина на мотор, ниска потрошувачка на гориво, а чија големина и/или должина е помала од возилата во останатите класи и цената е најдостапна.

---

[1]Под моторни возила во овој правилник се подразбира „возила на моторен погон“ согласно Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/08, 53/11, 123/12, 153/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 87/23, 148/25, 160/25, 258/25, 58/26 и 145/26)

2. Ниска средна компактна класа: ги опфаќа патничките моторни возила кои по големина се поголеми од малите градски автомобили, а помали од оние што се во средна класа.

3. Средна класа: ги опфаќа возила со големина поголема од компактната класа, а помала од висока средна класа.

4. Висока средна класа: ги опфаќа возилата поголеми од средна класа, а помала од висока. Оваа класа се нарекува и бизнис - класа

5. Висока класа: опфаќа автомобили, чија величина и луксуз ги надминува сите останати класи.

6. Автобус: моторно возило наменето за превоз на лица со повеќе од девет седишта, вклучувајќи го и седиштето на возачот.

Б) ТРАКТОРИ И ЗЕМЈОДЕЛСКА МЕХАНИЗАЦИЈА: опфаќа возило на моторен погон, конструирано за вршење на земјоделски или шумски работи, со влечна моќ, со или без приколка, вклучувајќи земјоделски или шумски трактор со тркала или со гасеници со сопствен погон, посебно конструиран за влеченье, потиснување, носење и да дава погон на определена приклучна опрема која е конструирана за вршење на земјоделски или шумски работи, односно за влечење на земјоделски или шумски приколки, а може да биде прилагоден за превоз на товар во рамките на земјоделските и шумските работи.

В) ТОВАРНИ ВЛЕЧНИ ВОЗИЛА И ГРАДЕЖНА МЕХАНИЗАЦИЈА е секое возило на моторен погон, кое вообичаено се користи за превоз на товар и ги опфаќа моторните возила наменети за работа со градежна механизација и градежна механизација.

3. ОТСТАПУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕНИ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ – МОТОРНИ ВОЗИЛА

Член 3

Агенцијата ќе отстапи привремено одземен(и) предмет(и) - моторно/и возило/а и/или конечно одземен(и) предмет(и)- моторно/и возило/а, согласно доставено барање од институциите наведени во член 1 од овој Правилник, согласно карактеристиките и потребите изнесени во барањето за отстапување на привремено одземен(и) предмет(и)- моторно/и возило/а и/или конечно одземен(и) предмет(и)- моторно/и возило/а.

Барањето до Агенцијата ќе се достави на пропишан образец, кој е составен дел на овој правилник.Барањето од став 2 на овој член се поднесува како:

1) Барање за остапување на привремено одземен(и) предмет(и)- моторно/и возило/а, со прилог кон барањето -Изјава-Образец број 1; и

2) Барање за отстапување на конечно одземен(и) предмет(и) – моторно/и возило/а, со прилог кон барањето-Изјава-Образец број.2.

Пополнетото барање се доставува во архивата на Агенцијата или по електронски пат.

Агенцијата постапува само по целосно и правилно пополнето барање за отстапување на привремено одземен(и) предмет(и) - моторно/и возило/а или конечно одземен(и) предмет(и)- моторно/и возило/а.

4. ПОСТАПУВАЊЕ ПРИ ОТСТАПУВАЊЕ НА ПРЕВРЕМЕНО ОДЗЕМЕНИ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ – МОТОРНИ ВОЗИЛА

Член 4

При отстапување на привремено одземен(и) предмет(и) - моторно/и возило/а и/или конечно одземен(и) предмет(и) - моторно/и возило/а на институциите наведени во член 1 од овој Правилник, Агенцијата ќе ги има во предвид пристигнатите барања и

расположливиот вид на моторно(и) возило(а) со кои располага Агенцијата, врз основа на што ќе се одлучи по однос на поднесените барање за отстапување на моторните возила и ќе се донесе одлука од страна на Управниот одбор на Агенцијата на која согласност треба да даде Владата на Република Северна Македонија.

5. РАСПРЕДЕЛБА НА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕНИ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ – МОТОРНИ ВОЗИЛА ПО КЛАСИФИКАЦИЈА, КАРАКТЕРИСТИКИ И ИНСТИТУЦИИ

Член 5

При распределба на возилата по класификација, карактеристики и согласно барањата од институциите од член 1 од овој Правилник, Агенцијата ги има во предвид класата на моторното возило и проценатa, годината на производство на моторното возило, општата состојба на моторното возило утврдена записнички, опременоста на моторното возило, надворешната состојба на каросеријата и внатрешниот ентериер.

Член 6

На органите на државната управа од член 1 од овој Правилник Агенцијата ќе отстапи моторни возила од висока класа и висока средна класа само во случај кога се работи за барање за отстапување на моторно возило за потребите на функционерот кој раководи со органот на државната управа.

На органите на државната управа од член 1 од овој Правилник Агенцијата ќе отстапи моторни возила од средна класа: ниска средна компактна класа и ниска класа само во случај кога се работи за барање за отстапување на моторно возило за потребите на стручните служби кои работат во органот на државната управа.

За потребите на органите на судската власт и другите правосудни органи, фондовите, агенциите, дирекциите, јавните установи и јавни претпријатија, независните регулаторни тела основани од државата, трговските друштва во целосна државна сопственост и други институции основани од државата, Агенцијата ќе отстапи моторни возила од висока средна класа само во случај кога се работи за барање за отстапување на моторно возило за потребите на функционерот кој раководи со овие институции.

За потребите на фондовите, агенциите, дирекциите, јавните установи и јавни претпријатија, трговските друштва во целосна државна сопственост и други институции основани од државата, Агенцијата ќе отстапи моторни возила од средна класа, ниска средна компактна класа и ниска класа само во случај кога се работи за барање за отстапување на моторно возило за потребите на стручните служби кои работат во овие институции.

За потребите на органите на судската власт и другите правосудни органи и независни регулаторни тела основани од Република Северна Северна Македонија, Агенцијата ќе отстапи моторни возила од средна класа. само во случај југа се работи за барање за отстапување на моторно возило за потребите на стручните служби кои работат во овие органи.

За потребите на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија Агенцијата ќе отстапи моторни возила од висока средна класа, само во случај југа се работи за барање за отстапување на моторно возило за потребите на функционерот кој раководи со овие институции.

За потребите на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија, Агенцијата ќе отстапи моторни возила од компактна класа и ниска класа само во случај кога се работи за барање за отстапување на моторно возило за потребите на стручните служби кои работат во овие институции.

За потребите на здруженијата и фондациите во Република Северна Македонија, Агенцијата ќе отстапи моторни возила од компактна класа и ниска класа само во случај кога се работи за барање за отстапување на моторно возило за потребите на спроведување на тековните активности на здруженијата и фондациите на полето на заштита на социјално ранливите групи и категории граѓани, а се во рамките на нивната регистрирана дејност.

Член 7

Моторните возила од член 2 од овој Правилник, Агенцијата ќе ги отстапи на институциите наведени во член 1 од овој Правилник, согласно карактеристиките и потребите изнесени во барањето за отстапување на привремено одземен(и) предмет(и) - моторно/и возило/а и/или конечно одземен(и) предмет(и) - моторно/и возило/а.

Член 8

Во случај кога Агенцијата не може да одговори на доставеното барање за отстапување на привремено одземен(и) предмет(и) - моторно/и возило/а и/или конечно одземен(и) предмет(и) - моторно/и возило/а, согласно бараните каракеристики, само во согласност со барателот на моторното возило може да отстапи моторно возило и од друга класа од постојните одземени моторни возила.

6. ПРИМОПРЕДАВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕНИ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ – МОТОРНИ ВОЗИЛА

Член 9

Агенцијата нема да изврши записничко предавање на отстапено моторно возило доколу на институциите наведени во член 1 од овој Правилник на кои е отстапено моторно возило, во случаите кога во моментот пред да се изврши формално примопредавање на моторното возило, од страна на Агенцијата или од страна на институциите на кои им се отстапува возилото, се утврди дека предметното возило за кое е донесена одлука за отстапување не соодветствува на претходно утврдените технички карактеристики или има настапено поголеми оштетувања на возилото, со што трошоците за оспособување на отстапеното возило се економски неоправдани.

Возилото ќе се предаде на институцијата која го поднела барањето откако ќе се даде согласност на одлуката на Управниот одбор на Агенцијата од страна на Владата на Република Северна Македонија и откога институцијата ќе уплати 7 % од вредноста на проценетото моторно возило на сметката на Агенцијата, согласно Изјавата која ја имаат потпишано и е во прилог на поднесеното барање.

7. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

По влегување на сила овој правилник ќе биде објавен и на веб-страницата на Агецијата.

Член 11

Со донесувањето на овој Правилник, престануваат со важност равилникот со критериуми за отстапување на одземени предмети – возила со кои управува Агенцијата за управување со одземен имот Бр.01-714/1 од 7 февруари 2025 година, објавен во

(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.50/25), Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот со критериуми за отстапување на одземени предмети – возила со кои управува Агенцијата за управување со одземен имот Бр.01-4695/1 од 30 октомври 2025 година објавен во („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.252/25) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот со критериуми за отстапување на одземени предмети – возила со кои управува Агенцијата за управување со одземен имот бр.01-3460/1 од 16 јули 2026 година, објавен во („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.173/26).

Агенција за управување
со одземен имот
Управен одбор
Претседател,
Станко Китаноски, с.р.

Бр. 01-5182/1
22 октомври 2026 година
Скопје

1. Образец на барање / 1.Formulari I kërkesës

ДО
Агенцијата за управување со одземен имот
Бул. Киро Глигоров бр.4

Deri te
Agjensioni për menaxhim me pronën e sekuestruar
Bulevardi "Kiro Gligorov" nr. 4

БАРАЊЕ/KËRKESË

за отстапување на привремено одземен(и) предмет(и) моторно/и возило/а/ për dorëzimin e sendit/sendeve të sekuestruara përkohësisht mjet motorik

Од / Nga _____
(назив на барателот / emri I kërkuesit)

Контакт телефон и електронска пошта / numër kontakti dhe adresë elektronike:

_____

Контакт (одговорно) лице / kontakt (personi përgjegjës):

_____

Согласно Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/14, 37/25, 86/25, 101/25 135/25 и 132/26), бараме Агенцијата за управување со одземен имот да ни отстапи привремено одземен предмет – моторно возило, за потребите на/ Në bazë të Ligjit për menaxhimin e pasurisë së konfiskuar, dobisë pasurore dhe sendeve të sekuestruara në procedurë penale dhe kundërvajtëse (*) ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 64/14, 37/25, 86/25, 101/25, 135/25 dhe 132/26), kërkojmë nga Agjensioni për menaxhimin e pasurisë së sekuestruar të na jape një send të sekuestruar përkohësisht – mjet motorik, për nevojat e:

- Функционерот кој раководи со институцијата / zyrtarit që menaxhon institucionin
- Стручна служба на институцијата/ shërbimi professional i institucionit

(заокружете го потребното / rrethoni të duhurin)

_____

_____

_____

_____

(да се наведе детален опис на потребното возило/ класа, карактеристики и за која намена / потреба, / jepni një përshkrim te detajuar të automjetit, të kërkuar, klasës, karakteristikave dhe për çfarë qëllimi/ nevoje)

1)Досега Агенцијата за управување со одземен имот ни нема отстапено привремено одземен предмет-моторно возило/ Deri më tani, Agjensioni për menaxhimin e pasurisë së sekuestruar nuk na ka dhënë në shfrytëzim asnjë send të konfiskuar përkohësisht – automjet.

2) Предметниот привремено одземен предмет-моторно возило ни се отстапува _____пат/ Sendi në fjalë i konfiskuar përkohësisht – automjeti na jepet në shfrytëzim për herë të_____.

За потребите на нашата институција, Агенцијата за управување со одземен имот, по добиена согласност од страна на Владата на Република Северна Македонија, има отстапено возила. Për nevojat e institucionit tone, Agjensioni për menaxhim me pronën e sekuestruar, pas marrjes së pëlqimit nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut, ka dorëzuar automjetë. _____

Потпис на овластено лице / Датум/ Data
Nënshkrimi i personit të autorizuar

_____ _____

Прилог кон 1. Образец на барање

Shtojca e 1. Formularit të kërkesës

ИЗЈАВА/DEKLARATË

Со оваа изјава како одговорно лице во правното лице _____,се согласувам доколку Владата на Република Северна Македонија даде согласност за отстапување на привремено одземениот предмет-моторно возило, пред неговото преземање да ѝ уплатам на Агенцијата за управување со одземен имот 7% од проценетата вредност.

Me këtë deklaratë si person përgjegjës në personin juridik_____, pajtohem nëse Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut jep miratimin për dorëzimin e sendit të sekuestruar-përkohësisht mjet motorik para marrjes së tij, do t'I paguajë Agjensioni për menaxhim me pronën e sekuestruar 7% të vlerës së vlerësuar.

Доколку биде донесена одлука за враќање на привремено одземениот предмет-моторно возило на претходниот сопственик, се согласувам 93% од проценетата вредност да ги уплатам на сметка на сопственикот.

Nëse merret një vendim për t'ia kthyer sendin e sekuestruar përkohësisht- mjetin motorik pronarit të mëparshëm, unë pranoj të paguaj 93% të vlerës së vlerësuar në llogarinë e pronarit.

Потпис на овластено лице

Nënshkrimi i personit të autorizuar

_____

м.п. v.v

2. Образец на барање / 2.Formulari I kërkesës

ДО
Агенцијата за управување со одземен имот
Бул. Киро Глигоров бр.4

Deri te
Agjensioni për menaxhim me pronën e sekuestruar
Bulevardi "Kiro Gligorov" nr. 4

БАРАЊЕ/KËRKESË

за отстапување на конечно одземен(и) предмет(и) мотоно/и возило/а/ për dorëzimin e sendit/sendeve të sekuestruara plotfuqishëm mjet motorik

Од / Nga _____
(назив на барателот / emri I kërkuesit)

Контакт телефон и електронска пошта / numër kontakti dhe adresë elektronike:

_____
Контакт (одговорно) лице / kontakt(personi përgjegjës):

_____
Согласно Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/14, 37/25, 86/25, 101/25 135/25 и 132/26), бараме Агенцијата за управување со одземен имот да ни отстапи конечно одземен предмет – моторно возило, за потребите на / Në bazë të Ligjit për menaxhimin e pasurisë së konfiskuar, dobisë pasurore dhe sendeve të sekuestruara në procedurë penale dhe kundërvajtëse (*) („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut“ nr. 64/14, 37/25, 86/25, 101/25, 135/25 dhe 132/26), kërkojmë që Agjensioni për menaxhimin e pasurisë së sekuestruar të na japë një send të konfiskuar plotfuqishëm – mjet motorik, për nevojat e:

- Функционерот кој раководи со институцијата / zyrtarit që menaxhon institucionin
- Стручна служба на институцијата/ shërbimit professional të institucionit

(заокружете го потребното / rrethoni të duhurin)

_____

_____

_____

_____

(да се наведе детален опис на потребното возило/ класа, карактеристики и за која намена / потреба / jepni një përshkrim te detajuar të automjetit, të kërkuar, klasës, karakteristikave dhe për çfarë qëllimi/ nevoje)

1)Досега Агенцијата за управување со одземен имот ни нема отстапено конечно одземен предмет-моторно возило/ Deri më tani, Agjensioni për menaxhimin e pasurisë së sekuestruar nuk na ka dhënë në shfrytëzim asnjë send të konfiskuar plotfuqishëm – automjet.

2) Предметниот конечно одземен предмет-моторно возило ни се отстапува _____пат/ Sendi në fjalë i konfiskuar plotfuqishëm – automjeti na jepet në shfrytëzim për herë të_____.

За потребите на нашата институција, Агенцијата за управување со одземен имот, по добиена согласност од страна на Владата на Република Северна Македонија, има отстапено возила. Për nevojat e institucionit tone, Agjensioni për menaxhim me pronën e sekuestruar, pas marrjes së pëlqimit nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut, ka dorëzuar automjetë _____.

Потпис на овластено лице /
Nënshkrimi i personit të autorizuar

_____

Датум/ Data

_____

Прилог кон 2. Образец на барање
Shtojca e 2. Formularit të kërkesës

ИЗЈАВА/DEKLARATË

Со оваа изјава како одговорно лице во правното лице _____се согласувам доколку Владата на Република Северна Македонија даде согласност за отстапување на конечно одземениот предмет-моторно возило, пред неговото преземање да ѝ уплатам на Агенцијата за управување со одземен имот 7% од проценетата вредност.

Me këtë deklaratë si person përgjegjës në personin juridik_____, pajtohem nëse Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut jep miratimin për dorëzimin e sendit te konfiskuar –mjet motoric me vendim të formës së prerë, para marrjes së tij, të I paguajë Agjensionit për menaxhim me pronën e sekuestruar 7% të vlerës së parashikuar.

Потпис на овластено лице
Nënshkrimi i personit të autorizuar

_____

м.п. v.v